# З А П И С Н И К

Од 5-та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 30.01.2026 година (петок) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 12:00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Миле Трајковски.

Од 15 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 15 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. МИЛЕ ТРАЈКОВСКИ,

**СОВЕТНИЦИ**

2.ТАЊА ДЕЈАНОВСКА-МИТРОВСКА
3.НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
4.АНГЕЛА ПЕШОВСКА
5.ДЕЈАН МИЛЕНКОВСКИ
6.ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
7.АЛЕКСЕЈ НИКОЛОВСКИ
8.БОБИ ДИМИТРОВСКИ
9.ВЛАТКО РИСТОВСКИ
10.СЛАЃАНА ВУЧЕВСКА-ПЕТКОВСКА
11.АЛЕКСАНДАР РАНГЕЛОВ
12.ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА-СТАНОЈКОВСКА
13.АЛЕКСАНДАР ДАВИДОВСКИ
14. ТАЊА СТАНКОВСКА
15.ДОБРИ ЈОВЕВСКИ

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на градоначалникот
Даниела Велковска

Раководител на сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура — Маја Костадиновска
Мартин Николовски

Раководител на Одделение за инспекциски надзор — Бранко Велиновски

Раководител на Одделение за човечки ресурси — Игор Додевски

Раководител на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај
Никола Граматиков

Раководител на одделение за поддршка на градоначалникот, односи со јавноста и

информатичка технологија Сања Цветковска
Раководител на одделение за јавни дејности Даниела Милошевска
Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграци Антонио Давитковски
Раководител на Одделение за администрирање на даноци, такси и надоместоци Емил Денчевски
Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска
Советник-овластен сметководител Димитар Петровски
Претставник од ЦУК

Претседателот на Советот даде објаснување дека точка 1 Информација за преземени мерки и активности во текот на 2025 година на ПС ОН Крива Паланка се повлекува бидејќи командирот на ПС ОН Крива Планка не може да присуствува на денешната седница на советот на Општина.Исто така точка 24 Предлог-Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Проценета на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности да се разгледува како прва точка да бидат ослободени службите.

Претседателот на Советот првиот предлогот го стави на гласање истиот беше усвоен со 15 гласа ЗА

Претседателот на Советот вториот предлогот го стави на гласање истиот беше усвоен со 15 гласа ЗА

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на 5-та седница на Советот и истиот е усвоен со 15 гласа ЗА.

**Д н е в е н р е д:**

1. Информација за преземени мерки и активности во текот на 2025 година на ПС ОН Крива Паланка
2. Предлог-Одлука за за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2026/2027 година на територијата на Општина Крива Паланка
3. Предлог- Одлука за за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година
4. Предлог- Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на НУ Центар за култура за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година
5. Предлог-Одлука за за давање на согласност за трансфер на средства на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива Паланка за реализација наактивности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година
6. Предлог-Одлука за субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“за 2026 година

7. Предлог-Одлука за   давање на согласност за трансфер на средства на „Општински училишен спорт“ за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година
8. Предлог-Одлука за  доделување на финансиска помош за жртва на семејно и родово базирано насилство
9. Предлог- Одлука  за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2026/2027 година
10. Предлог-Одлука за  давање согласност на Одлука за утврдување на услови за приклучување  на водоводна и канализациона мрежа  од времен карактер
11. Предлог –Одлука за  усвојување на  Извештај  за  слободен пристап на информации од јавен карактер  за 2025 година – Крива Паланка;
12. Предлог-Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Крива Паланка за 2026 година ;
13. Предлог-Решение за за  разрешување  на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка
14. Предлог-Решение за  разрешување на вршители на должност  членови  на  Управен одбор на  ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка.
15. Предлог-Решение за Решение за формирање на Комисија за селекција  за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка
16. Предлог-Одлука за Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка
17. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2026 година;
18. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за  к.п.бр.1124/2 во КО Узем, Општина Крива Паланка,
19. Предлог-Одлука за  усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2025 година
20. Предлог-Одлука за  давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 1) на Агенција за храна и ветеринарство
21. Предлог-Одлука  за за давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 2) на  Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,Државен инспекторат за земјоделство
22. Предлог Одлука за  давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 3) на  Министерството за економија и труд, Државен инспекторат за труд
23. Предлпг-Решение за  именување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка
24. Предлог-Одлука за  отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности.

## Расправа по точки од Дневен ред

1. Предлог-Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности.

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за отпочнување на постапка за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крива Паланка од сите ризици и опасности.**

2. Предлог-Одлука за за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2026/2027 година на територијата на Општина Крива Паланка

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за за доделување на еднократна парична помош на семејства со прваче во учебната 2026/2027 година на територијата на Општина Крива Паланка**

3. Предлог- Одлука за за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,12 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2025/2026 година**

4. Предлог- Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на НУ Центар за култура за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на НУ Центар за култура за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година**

5. Предлог-Одлука за за давање на согласност за трансфер на средства на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива  Паланка  за реализација наактивности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА  и 7 против,Советот донесе- **Одлука за за давање на согласност за трансфер на средства на Фондација „Со срце за Крива Паланка“ - Крива  Паланка  за реализација наактивности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2026 година**

6. Предлог-Одлука за  субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“за 2026 година

   Раководител на Одделение за финансиски прашања Марија Златановска даде објаснување

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Советникот Александар Рангелов имаше дадено забелешка по однос на оваа одлука и се изјасни дека од страна на неговата советничка група ќе гласаат против.

   Според советничката Тања Д.Митровска не се прави ништо нетранспаретно и неиспланирано. Имало финснсикси дел каде се дадени сите проектни активности кои ќе се реализираат но имало и дел каде требало да се направи корекција и како таква претходно била изгласана каде нема никакви нови средства кои не се пријавени.

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА  и 7 против,Советот донесе- **Одлука за  субвенционирање на Фондација „Со срце за Крива Паланка“за 2026 година**

7. Предлог-Одлука за   давање на согласност за трансфер на средства на „Општински училишен спорт“ за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА  ,Советот донесе- **Одлука за давање на согласност за трансфер на средства на „Општински училишен спорт“ за реализација на активности предвидени со Програмата за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2026 година**

8. Предлог-Одлука за доделување на финансиска помош за жртва на семејно и родово базирано насилство

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Советникот Александар Рангелов се изјасни дека на кординација било разговарано по однос на овие точки на дневен ред дека треба да се формира работна тело кое ќе утврди критериуми во иднина ќе се доделуваат средства кои се потребни на лица во вакви случаи.

   Советничката Виолета С.Станојковска исто така смета дека треба да се разгледа за иницијативата која била поднесена за донесување на програма за жртви на семејно насилство бидејќи бројките се повеќе растат и би требало како одговорна општина да се направи нешто.

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за доделување на финансиска помош за жртва на семејно и родово базирано насилство**

9. Предлог- Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2026/2027 година

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,12 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2026/2027 година**

10. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на услови за приклучување на водоводна и канализациона мрежа од времен карактер

   Претседателот со Советот отвори расправа по точката

   Дане Милошевски како претставник на Управен одбор на ЈП Комуналец

   Советникот Влатко Ристовски имаше дадено забелешка дека донесувањето како ваква одлуката е спротивно на законот истата би требало да се доработи со мислење и предлози со многу други работи за да биде во корист на многу граѓани.

   Предлогот на советникот Влатко Ристовски не беше усвоен со 7 гласа ЗАи 8 против.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката со дадение задолженија кои треба да бидат наведени во истата. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 против,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на Одлука за утврдување на услови за приклучување на водоводна и канализациона мрежа од времен карактер**

11. Предлог –Одлука за усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2025 година – Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 против,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер за 2025 година – Крива Паланка;**

12. Предлог-Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Крива Паланка за 2026 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката со измената . Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Крива Паланка за 2026 година ;**

13. Предлог-Решение за за разрешување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани,Советот донесе- **Решение за за разрешување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка**

14. Предлог-Решение за разрешување на вршители на должност членови на Управен одбор на ЈП „КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 воздржани,Советот донесе- **Решение за разрешување на вршители на должност членови на Управен одбор на ЈП**

**„КАЛИН КАМЕН“ - Крива Паланка.**

15. Предлог-Решение за Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Виолета С.Станојковска смета дека од самиот почеток иницијативата е погрешна ЈП нема вработени за да се формира управен и надзорен одбор.Советничката постави прашање што се планира со ЈП нема приходи а има расходи и би требало да се стави во мирување истото зошто се уште е активно.

Раководителката на Сектор Даниела Велковска даде објаснување.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 против,Советот донесе-**Решение за Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка**

16. Предлог-Одлука за Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности “КАЛИН КАМЕН“ Крива Паланка

17. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2026 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Добри Јовевски имаше дадено забелешка дека Програматаза работа на Советот не е добро средена дека треба да се доработи а може да биде средена од негова страна се разбира заедно со службите и имаше дадено предлози и забелешки.

Советничката Тања Д.Митровска исто така имаше предлози по однос на Програматаза ранота на Советот.

Предлозите од страна на двата советника беа ставени на гласање и усвоени со 15 гласа ЗА

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА,Советот донесе- **Програма за работа на Советот на Општина Крива Паланка за 2026 година**

18. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1124/2 во КО Узем, Општина Крива Паланка,

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.1124/2 во КО Узем, Општина Крива Паланка,**

19. Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2025 година

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештајот од пописната комисија за извршениот редовен годишен попис на средтвата со состојба на ден 31.12.2025 година**

20. Предлог-Одлука за давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 1) на Агенција за храна и ветеринарство

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 1) на Агенција за храна и ветеринарство**

21. Предлог-Одлука за за давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 2) на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,Државен инспекторат за земјоделство

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за за давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 2) на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,Државен инспекторат за земјоделство**

22. Предлог - Одлука за давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 3) на Министерството за економија и труд, Државен инспекторат за труд

    Претседателот со Советот отвори расправа по точката

    Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање право на користење на недвижна ствар – деловна просторија (канцеларија 3) на Министерството за економија и труд, Државен инспекторат за труд**

23. Предлпг-Решение за именување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка

    Претседателката на комисија за прашања на верификација избори и именувања Ангела Пешевска даде образложение за одржаната комисија на која како предлог бил изгласан Антонио Стојановски со 3 гласа ЗА.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,8 гласа ЗА и 7 против,Советот донесе- **Решение за именување на вршител на должност член на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални услуги „КОМУНАЛЕЦ“ ц.о. Крива Паланка**

**Записничар**
**Клара Стевановска**

**Претседател на Совет**
**Миле Трајковски**